ФОКУС
FOCUS
ФОНДАЦИЈА ЗА ЛОКАЛЕН РАЗВОЈ И ДЕМОКРАТИЈА
FOUNDATION FOR LOCAL DEVELOPMENT AND DEMOCRACY

ВЕЛЕС

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

# ИЗВЕШТАЈ ОД ЈАВНА РАСПРАВА ПО НАЦРТ- БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2011 ГОДИНА

Во организација на Општина Велес и фондацијата „Фокус" на 04.12.2010 година, во просториите на општината се одржа јавна расправа по Нацрт-буџетот на Општина Велес за 2011 година.

На расправата присуствуваа 40 лица меѓу кои Горан Петров, Градоначалник на Општина Велес, Славчо Чадиев, претседател на Советот на Општина Велес, 6-мина членови на Советот, 9-мина претседатели на урбани и месни заедници, претставници на институции, здруженија, фондации и граѓани и 7 претставници на општинската администрација.





Јавна расправа по Нацрт Буџетот на Општина Велес за 2011 година.

Во рамките на расправата, Љупче Андреевски, раководител на Одделението за финансирање и буџет при Општина Велес го презентираше Нацрт-буџетот за наредната година проектиран на 634.027.884 денари од кои околу 65% се трасфери и дотации, 25% даночни приходи, 9% неданочни приходи и 3% капитални приходи.

По презентацијата, присутните имаа можност да дадат свои конкретни забелешки или да постават прашања за Нацрт-буџетот за 2011 година.

Претставниците на урбаните и месните заедници покажаа голем интерес за програмите за активностите на Општината, веќе усвоени од страна на Советот на Општина Велес.

Граѓаните се интересираа за цената на гробните места, работата на комисија за заштита на потрошувачите и правата на пациентите, средствата распределени за ромските организации и можностите за организација на посети на Градоначалникот во населбата „Тунел“ и ООУ „Рајко Жинзифов“ во Горно Оризари.

За првпат, на предлог на Славчо Чадиев, претседател на Советот на Општина Велес, на јавната расправа беше презентирана и Нацрт-програмата за работата на Советот на Општина Велес, донесена на последната седница на советот. Програмата ги содржи сите планирани активности на советот согласно барањата на законската регулатива со утврдени рокови на реализација.

Од јавната расправа произлезе заклучокот дека врз основа на донесените годишни програми за активностите на општината треба да се изготви План на развојни програми и истиот да се вгради во Предлог-буџетот на општината.

Исто така на расправата беше заклучено дека општината и сите релевантни институции и организации треба да изнајдат начин за изготвување на поедноставна форма на буџетот за јавните расправи што би била полесно разбирлива за граѓаните.

Врз основа на заклучоците, општинската администрација изготви План на развојни програми кој стана составен дел на Предлог-буџетот на Општина Велес за 2011 година.

Изготвил:

Славица Ќучукова-Николова
Фондација „Фокус“

Јадранка Стефкова
Општина Велес